Табела 1

Реден број	Назив на движната ствар	Карактеристики на движната ствар	Производител	Единица мерка	Количина
1	Монтажна модуларна единица ТИП 1	Изработена од конструкција од челични профили со исполна од сендвич панели (PUR) со д= 50мм дебелина, кровна конструкција (едноводен кров) од кровни ребрести панели (PUR) со д= 50мм дебелина, опремена со врати, прозори, санитарни уреди, електрична и водоводна инсталација. Димензии: должина 6000мм, ширина 2400мм и висина 2550мм.	ЈБТ-АРИ и ТОМ Валандово	Парче	4
2	Монтажна модуларна единица ТИП 2		ЈБТ-АРИ и ТОМ Валандово	Парче	2
3	Монтажна модуларна единица ТИП 3 – медицинска	Изработена од конструкција од челични профили со исполна од сендвич панели (PUR) со д=50мм дебелина, кровна конструкција (едноводен кров) од кровни ребрести панели (PUR) со д= 50мм дебелина, опремена со врата, прозор, електрична инсталација и климатизација Димензии: должина 6000мм, ширина 2400мм и висина 2550мм	ЈБТ-АРИ и ТОМ Валандово	Парче	3
4	Монтажна модуларна единица ТИП 4 – коридор (топла врска)		ЈБТ-АРИ и ТОМ Валандово	Парче	1
5	Монтажна модуларна единица – сместувачки простории		ДПТУ Брако ДОО Велес	Парче	12
6	Монтажна модуларна единица ТИП 1		ДПТУ Брако ДОО Велес	Парче	4
7	Монтажна модуларна единица ТИП 3 – медицинска		ДПТУ Брако ДОО Велес	Парче	1
8	Монтажна модуларна единица – ходник		ДПТУ Брако ДОО Велес	Парче	1
9	Монтажна модуларна единица – коридор (топла врска)		ДПТУ Брако ДОО Велес	Парче	1
10	Монтажна модуларна единица – коридор (топла врска)		ДПТУ Брако ДОО Велес	Парче	1
11	Монтажна модуларна единица – сместувачки простории		ДПТУ Кен Панел Монтинг доел Скопје	Парче	2
12	Двокрилни ПВЦ врата и еднокрилна ПВЦ врата	2 x 900/2050мм, исполна со термопан стакло 4x16x4, комплет со потребен оков и 3 x 900/2050мм	ДПТУ Кен Панел Монтинг доел Скопје	Парче	5

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Министерството за одбрана.

Член 3

Директорот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје склучува договор со министерот за одбрана, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-2137/5
24 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

3442.

Врз основа на член 51 став (2) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 септември 2024 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – БЕНТОНИТСКА ГЛИНА НА ЛОКАЛИТЕТОТ „С. ЉУБИНЦИ – С.ПЕТРАЛИЦА", ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

1. Со оваа одлука Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – бентонитска глина на локалитетот „с.Љубинци – с.Петралица", Општина Ранковце, бр.24-5049/1 од 4.9.2013 година, едностарно се раскинува од страна на концедентот, заради прекин со изведување на рударските работи подолго од една година.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - бентонитска глина на Друштвото за производство, трговија и услуги БЕНТОМАК НОВА увоз-извоз с.Гиновци Ранковце на локалитетот „с.Љубинци – с.Петралица", Општина Ранковце бр.41-5428/1 од 20.8.2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр.118/13).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-2259/6
24 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

3443.

Врз основа на член 97 став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 септември 2024 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ

1. Со оваа одлука се формира Национален комитет за олеснување, со цел преземање мерки за олеснување во цивилното воздухопловство.

2. Националниот комитет за олеснување се состои од по двајца претставници, член и заменик член, кои на барање на претседателот на Комитетот се номинираат од:

- Министерството за транспорт;
- Министерството за внатрешни работи;
- Министерството за финансии-Царинска управа;
- Агенцијата за цивилно воздухопловство;
- операторот на аеродромот;
- давателите на земски услуги на аеродром;
- домашните авиопревозници и

- претставници на други субјекти доколку нивната дејност е од значење за олеснувањето.

3. Претседател на Националниот комитет за олеснување е директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство во својство на национален координатор за воздухопловно олеснување.

4. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање на Национален комитет за олеснување („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/17).

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2576/5
24 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски**, с.р.

3444.

Врз основа на член 60 став (2) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 септември 2024 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЦИВИЛНО-ВОЕН КОМИТЕТ

Член 1

Со оваа одлука се формира Цивилно-воен комитет за извршување на работите поврзани со управување и флексибилно користење на воздушниот простор (во понатамошниот текст: Цивилно-воен комитет), со цел да се обезбеди ефикасно стратешко управување со воздушниот простор (ASM ниво 1).

Член 2

Цивилно-воениот комитет се состои од по двајца претставници (член и заменик член), кои на барање на координаторот на Комитетот се номинираат од:

- Министерството за транспорт,
- Агенцијата за национална безбедност,
- Министерството за одбрана,
- Министерството за внатрешни работи,
- Агенцијата за цивилно воздухопловство и
- Давателот на ATM/ANS услуги.

Член 3

Работата на Цивилно-воениот комитет ја координира претставникот номиниран од давателот на ATM/ANS услуги.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2577/6
24 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски**, с.р.

3445.

Врз основа на член 25 став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 септември 2024 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БЕЗБЕДНОСТА ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО

1. Со оваа одлука се формира Национален комитет за управување со безбедноста во воздухопловството, заради извршување на работите утврдени во член 25 став (2) од Законот за воздухопловство.

2. Националниот комитет за управување со безбедноста во воздухопловството се состои од по двајца претставници, (член и заменик член), кои на барање на претседателот на Комитетот за безбедност се номинираат од:

- Министерството за транспорт,
- Министерството за одбрана,
- Министерството за внатрешни работи,
- Агенцијата за цивилно воздухопловство,
- Операторот на воздухопловно пристаниште,
- Давателот на ATM/ANS услуги,
- Здружението на оператори на воздухоплови и
- претседателот на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти.

3. Претседател на Националниот комитет за управување со безбедноста во воздухопловството е директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

4. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање на Национален комитет за управување со безбедноста во воздухопловството („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/20).

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2579/8
24 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски**, с.р.